Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД
Бр. 0203-03
02.03.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 480 ст.3 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје до Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје поднесува

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
на Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во 2022 година

I

Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје Надзорниот одбор има овластување да врши надзор врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото.
Во текот на 2022 година Надзорниот одбор во полн состав: Претседател Проф. Д-р Миодраг Мицајков и членовите Проф. Д-р Илија Џонов и Бојанчо Кралевски ги одржуваше своите седници и тоа одржа 10 (десет) седници и донесе 28 (дваесет и осум) Одлуки.

II.

На одржаните седници Надзорниот одбор ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, согласно Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и Законот за трговските друштва.
На одржаните седници особен акцент се посвети на разгледување на неревидираните единечни финансиски извештаи и неревидираните консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за периодичните финансиски извештаи и тоа за периодот 01.01-31.03.2022 година, 01.01-30.06.2022 година, 01.01-30.09.2022 година и тоа по сите структури: Биланс на успех, Биланс на состојба, Известување за паричен тек и Известување за промени во капиталот.

На седниците на кои на дневен ред беше разгледување на неревидираните единечни финансиски извештаи и неревидирани консолидирани финансиски извештаи по покана од Претседателот на Надзорниот одбор присуствуваа Претседателот на Управен одбор и Генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и раководните лица од соодветните стручни служби, со цел подетално да се образложат сите позиции од доставените неревидирани единечни финансиски извештаи и неревидирани консолидирани финансиски извештаи, како би можел Надзорниот одбор соодветно да одлучува.
Претседателот на Управен одбор во согласност со своите дефинирани надлежности даваше дополнителни образложенија за материјалите доставени на седниците и по принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии по однос на материјалите по точките од дневниот ред, како и за сите значајни прашања од делот на работењето на Друштвото.
Од непосредно извршениот увид во доставените Финансиски Извештаи и од излагањата на Претседателот на Управен одбор и Генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и раководните лица од соодветните стручни служби, Надзорниот одбор има донесено Одлуки со кои се усвојуваат неревидираните единечни и неревидираните консолидирани финансиски извештаи на Друштвото, како и неревидиран единечен и неревидиран консолидиран Биланс на успех на Друштвото.

Надзорниот одбор исто така изврши редовен увид врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор и го разгледа Годишниот Извештај за работата на Друштвото за

претходната година (единечен и консолидиран) при што се констатира дека работењето на Друштвото, како и водењето на работењето со истото успешно е извршено, видно од остварените позитивни финансиски резултати на Друштвото во текот на претходната година.

Надзорниот одбор позитивно ја оценува соработката која во остварувањето на своите надлежности утврдени со Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва ја имаше со Претседателот и членовите на Управниот одбор, со цел изградување на заеднички ставови во насока на остварување на зацртаните планови за успешен развој на Друштвото за 2022 година.

Надзорниот одбор изврши увид и во книгите и документацијата со која располага Друштвото, а кои се однесуваат на неговото финансиско работење, состојбата со имотот, хартиите од вредност, па при проверка на истите констатира дека и во тој дел работењето на Друштвото е успешно и во рамките на законската регулатива.

Согласно чл.374 ст.3 од Законот за трговските друштва Надзорниот одбор донесе Одлука со која за членови на Управен одбор на Друштвото повторно се избираат лицата: Живко Мукаетов, Ѓорги Јованов, Виктор Стојчевски, Милкица Глигорова и Ќире Ицев. За Претседател на Управниот одбор повторно се именува членот на Управен одбор Живко Мукаетов.
Членовите на Управниот одбор се избираат за период од 6 (шест) години, сметано од 21.11.2022 година.

Исто така Надзорниот одбор го разгледа Бизнис Планот на Друштвото за 2023 година во кој се содржани: План на продажби, Планиран Биланс на успех по функција, План на трошоци по видови, План на работна рака, План на капитални издатоци, Планиран Биланс на состојба и Планиран паричен тек.
Надзорниот одбор оцени дека се работи за Бизнис План кој е квалитетно изработен, базиран на реалните очекувања и јасно ги дефинира целите на сите нивоа на раководење во Друштвото, со што се обезбедува интегрирање на сите напори во остварување на заедничките цели на Друштвото.
Бизнис Планот за 2023 година е базиран на очекувањата, проекциите и можностите на тековните и новите пазари и производи, достапни на друштвото во моментот на изготвување на планот.
Заради усогласување на внатрешните акти со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје Надзорниот одбор усвои предлог текст на Политика за спречување и управување со судир на интереси, предлог текст Правилник за уредување на меѓусебните односи на органите на АЛКАЛОИД АД Скопје, предлог текст на Политиката за односи со засегнати страни и предлог текст на Политиката за наградување на вработени, раководни лица и членови на Управен одбор. Предлог текстот на наведените акти Надзорниот одбор ги достави до Управен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје на усвојување.
Исто така, Надзорниот одбор донесе нов Деловник за работа на Надзорен одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје кој стапува во сила на 01.01.2023 година.

Исто така, Надзорниот одбор согласно Правилникот за начинот на избор, извршување и известување за надворешна ревизија го усвои образложениот предлог доставен од службата за Финансии за надворешен ревизор за вршење редовна годишна ревизија за годината што

завршува на 31 декември 2023 година да се избере ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC).
Надзорниот одбор усвоениот предлог го достави до Управниот одбор за донесување на одлука со која ќе се предложи Собранието на акционери да донесе одлука со која за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2023 година да се назначи ревизорското друштво ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО, Скопје (PwC).

III.

Надзорниот одбор согласно чл.415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва го разгледа Полугодишниот извештај на службата за внатрешна ревизија на Друштвото, како независна организациска единица на Друштвото, во кој се презентирани активностите на службата извршени во периодот јануари-јуни 2022 година.

Надзорниот одбор го усвои и даде оценка дека Полугодишниот извештај за 2022 година е квалитетно и содржински изработен согласно законските одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва во кој е опфатен описот на извршените ревизии на работењето на друштвото, оцената на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наодите и предложените мерки на службата.

Согласно Годишниот план за внатрешна ревизија за 2022 година од страна на службата за внатрешна ревизија до Надзорниот одбор исто така се доставени и квартални извештаи за период јануари-март, април-јуни и јули-септември 2022 година во кои се наведени активностите кои службата за внатрешна ревизија ги има извршено во кварталните периоди. Идентификуваните наоди на службата за внатрешна ревизија се во насока на понатамошно подобрување на процесот на ефикасноста на работењето. Наодите се дискутирани со раководните лица во организационите делови, предмет на тестирање и истите се во целост прифатени.
Надзорниот одбор по разгледување на Кварталните извештаи од службата за внатрешна ревизија донесе Одлуки за нивно усвојување.

Согласно чл.415-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва Надзорниот одбор го разгледа Годишниот план за работа на службата за внатрешна ревизија за 2023 година и донесе Одлука со која се одобрува.
Во Годишниот план за работа наведени се предметот на ревизијата со опис на содржината на планираната ревизија по одделни области и распоред на контролите во текот на 2023 година со планирано времетраење за спроведување на контролите.

Согласно чл.415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва службата за внатрешна ревизија како независна организациска единица во Друштвото поднесе Годишен извештај за својата работа за 2022 година и на седницата одржана на ден 02.03.2023 година Надзорниот одбор го разгледа Годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија.

Во Годишниот извештај презентирани се активностите на службата за внатрешна ревизија, извршени во периодот јануари-декември 2022 година во согласност со усвоениот Годишен План за внатрешна ревизија за 2022 година.
Годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија ги содржи следните информации:

- Опис на извршени активности;
- Наоди/Препораки од извршени поединечни ревизии;
- Консултантски активности;
- Информации за службата за внатрешна ревизија

Надзорниот одбор е на мислење дека Годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, кои по обем и динамика се во согласност со одобрениот Годишен план за работа за 2022 година.

На седницата одржана на ден 02.03.2023 година Надзорниот одбор донесе Одлука со која го одобри Годишниот извештај за работа на службата за внатрешна ревизија за 2022 година.

Годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија за 2022 година е прилог кон овој Извештај за работа на Надзорниот одбор и истиот се доставува на увид на Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје, што ќе се одржи на ден 03.04.2023 година.

IV.

Согласно чл. 480 ст.2 од Законот за трговските друштва Надзорниот одбор одржа седница на ден 02.03.2023 година на која се разгледаа Статутарните единечни финансиски Извештаи и Статутарните консолидирани финансиски Извештаи за годината завршена на 31 декември 2022 година со Извештаите за извршената ревизија и Мислењата доставени од страна на независните ревизори ДИЛОИТ ДОО-Скопје.

Во Извештајот за Статутарните единечни финансиски извештаи се наведува дека е извршена ревизија на приложените финансиски извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје кои се состојат од извештајот за финансиската состојба на 31 декември 2022 година и единечниот извештај за сеопфатната добивка, единечниот извештај за промените во главнината и единечниот извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува, како и прегледот на значајните сметководствени политики и останати објаснувачки белешки.

Во однос на Статутарните консолидирани финансиски извештаи се наведува дека е извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје и подружниците, кои се состојат од консолидираниот извештај за финансиската состојба на 31 декември 2022 година и консолидираниот извештај за сеопфатната добивка, консолидираниот извештај за промени во главнината и консолидираниот извештај за парични текови за годината што тогаш завршува, како и прегледот на значајните сметководствени политики и останати објаснувачки белешки.

Ревизијата е извршена во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија.

Според Мислењето на независните ревизори единечните финансиски извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје и консолидираните финансиски извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АЛКАЛОИД АД Скопје на ден 31 декември 2022 година како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија. Исто така според мислењето на независните

ревизори историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај и консолидираниот годишен извештај се конзистентни со годишната сметка и со консолидираната годишна сметка и приложените ревидирани единечни финансиски извештаи и ревидирани консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2022 година.

Надзорниот одбор заедно со Финансиските извештаи согласно чл. 480 од Законот за трговските друштва ги разгледа и провери предлог Годишната сметка на Друштвото за 2022 година, предлог Консолидирана годишна сметка на Друштвото за 2022 година, предлог Годишниот Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2022 година (единечен и консолидиран) и предлог Одлуката за употреба и распоредување на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2022 година.

Надзорниот одбор откако ги разгледа Статутарните единечни финансиски извештаи и Статутарните консолидирани финансиски извештаи, Извештаите со Мислењата од независните ревизори ДИЛОИТ, предлог Годишната сметка на Друштвото, предлог Консолидирана годишна сметка на Друштвото за 2022 година, предлог Годишниот Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2022 година (единечен и консолидиран), Извештајот за работата на Управниот одбор на Друштвото во 2022 година и предлог Одлуката за употреба и распоредување на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2022 година, му предлага на Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје, на годишното Собрание што ќе се одржи на ден 03.04.2023 година да донесе Одлуки со кои ќе се одобрат и усвојат:

- Статутарните единечни финансиски извештаи, Статутарните консолидирани финансиски извештаи и Извештаите на независните ревизори ДИЛОИТ со мислење за годината завршена на 31 декември 2022 година;
- Годишна сметка на Друштвото за 2022 година, Консолидирана годишна сметка на Друштвото за 2022 година ;
- Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2022 година (единечен и консолидиран);
- Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето со Друштвото од страна на членовите на Управниот одбор на Друштвото во 2022 година;
- Одлука за употреба и распоредување на добивката по Годишната сметка на Друштвото за 2022 година.

На седницата одржана на ден 02.03.2023 година Надзорниот одбор ги разгледа и останатите предлог одлуки донесени од Управниот одбор на Друштвото и тоа: Одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2022 година (дивиденден календар), Предлог Одлука за стекнување сопствени акции со откуп и Предлог Одлука за отуѓување сопствени акции.
По разгледување на предложените Одлуки Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата што ќе се одржи на ден 03.04.2023 година да донесе Одлуки за нивно усвојување.

V.

Согласно одредбите од Кодексот за корпоративно управување, Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје изврши евалуација на своето работење во 2022 година и ги донесе следните заклучоци и оцени:

а. Надзорниот одбор на Алкалоид АД Скопје во целост ги исполни целите и обврските кои произлегуваат од позитивните законски и други прописи, а и од потребите од самата динамика на работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје. Секој член на надзорниот одбор со својот несебичен ангажман, прецизно преземените активности и продуцирани резултати, придонесе за успешното работење на надзорниот одбор како колективен орган и во целост придонесе за успешните резултати на истиот.
б. Бројот и составот на надзорниот одбор, и квалитетите, професионални и човечки, на секој член поодделно, преку нивните знаења, искуства и вештини, во целост одговорија на потребите на работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје.
в. Претседателот на надзорниот одбор, со сиот свој капацитет на неговото долгогодишно работно искуство, особено придонесе во ефективноста на работењето на надзорниот одбор. Истовремено, придонесот на секој член на одборот, а во работата на надзорниот одбор, секој со своето исклучително искуство и специјалност, допринесе за успешно извршување на задачите што беа поставени пред надзорниот одбор во 2022 година.
г. Работењето на надзорниот одбор во 2022 година се одликуваше со одлична работна атмосфера, со исклучително плодни дискусии, преку кои секој од членовите го искажуваше својот став и мислење по определено прашање, а со цел на носење одлуки за доброто на друштвото;
д. Исклучително квалитетната и навремена, техничка и стручна поддршка дадена на надзорниот одбор, од страна на корпоративниот секретар и другите сектори во друштвото, квалитетот и навременоста на добиените материјали, придонесоа за особено точно, навремено и квалитетно работење на надзорниот одбор;
ѓ. Во текот на 2022 година, квалитетот на комуникација и соработката помеѓу надзорниот одбор и управниот одбор, беше на исклучително високо ниво, со секојдневна комуникација и координација, а со цел овозможување на раст и продуцирање позитивни резултати на друштвото;
е. Во 2022 година не беше евидентирано постоењето на околности поврзани со поединечните членови на надзорниот одбор поради кои може да дојде до судир на интереси и да се загрози нивната независност.
Воедно работењето на Надзорниот одбор во текот на 2022 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје.

НАДЗОРЕН ОДБОР

02.03.2023 год.

Проф. Д-р Миодраг Мицајков, Претседател

____________________________

Проф. Д-р Илија Џонов, член

____________________________

Бојанчо Кралевски, член

____________________________

Прилог:
Одлуки од Надзорен одбор
Годишен Извештај на службата за внатрешна ревизија

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА

## Број 1/2022

ФЕВРУАРИ 2023

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........ 3
ИЗВРШЕНИ АКТИВНОСТИ ........ 4
НАОДИ/ПРЕПОРАКИ ........ 6
КОНСУЛТАНТСКИ АКТИВНОСТИ ........ 8
Проверка на финансиските извештаи ........ 8
Комисија за корпоративна усогласеност ........ 8
Имплементирање на ESG сегментот/известувањето во Алкалоид АД Скопје ........ 8
Присуство на менаџмент состаноци ........ 9
Унапредување на системот за мерење и управување со перформансите (performance management) во компанијата (KPI) ........ 9
Изготвување на извештај за анализа на процес на продажби и процес на планирање на производство во рамките на АлкаСАП системот ........ 9
Процес на управување (менаџирање) со иновации и идеи ........ 9
ИНФОРМАЦИИ ЗА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ........ 10
Ресурси на службата ........ 10
Исполнување на целите ........ 10
Користење на расположливото време ........ 10
Едукација на членовите на службата ........ 11

# ВОВЕД

Службата за Внатрешна ревизија на Алкалоид АД Скопје е составен дел на организационата поставеност и претставува посебен независен дел. Службата за внатрешна ревизија е организирана и подредена на Надзорниот одбор на Алкалоид АД Скопје.

Вршењето на внатрешна ревизија е во согласност со барањата на Законот за трговските друштва, Одлуките на Уставниот суд на РМ како и усвоената Повелба за внатрешна ревизија. Подетално, прашањето за внатрешна ревизија е уредено со членовите 415-а – 415-г во Одделот 6-а „Служба за внатрешна ревизија„ од Законот за трговските друштва.

Службата за внатрешна ревизија е должна да изврши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Алкалоид АД Скопје преку:

1. оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола,
2. оцена на спроведувањето на политиките за управување со ризиците,
3. оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи,
4. следење на почитувањето на прописите, политиките и процедурите на друштвото,
5. проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно со прописите и
6. оценка на поставеноста на информатичкиот систем.
7. проверка на усогласеноста на организацијата и дејствувањето на друштвото во согласност со кодексот за корпоративно управување.

Во годишниот извештај презентирани се активностите на Службата за внатрешна ревизија, извршени во периодот јануари-декември 2022 година во согласност со усвоениот План за внатрешна ревизија за 2022 година. Резултатите од работењето на службата за овој период се презентирани во понатамошниот текст од овој извештај.

## ИЗВРШЕНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2022 година, Службата за внатрешна ревизија ги изврши следните активности:

| Ред. бр. | Активности | | Период во 2022 | План 2022 |
|---|---|---|---|---|
| | Вид | Област | | |
| 1 | ФР | Парични средства | јануари | Да |
| 2 | ФР | Кредити | март | Да |
| 3 | ФР | Попис на залихи, средства и обврски | март | Да |
| 4 | ОП | Процес на снабдување (услуги) | март | Да |
| 5 | КА | Проверка на посебните годишни финансиски извештаи на Алкалоид АД од 2021 година | февруари | Да |
| 6 | КА | Имплементирање на ESG сегментот/известувањето во Алкалоид АД Скопје | јануари - декември | Да |
| 7 | КА | Унапредување на системот за мерење и управување со перформансите (performance management) во компанијата (KPI) | јануари - декември | Не |
| 8 | КА | Изготвување на извештај за анализа на процесите на продажби и планирање на производството во рамките на АлкаСап системот | февруари – март | Не |
| 9 | АД | Самооценување | февруари | Да |
| 10 | АД | Изготвување на Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2021 година. | февруари | Да |
| 11 | АД | Управување со таленти (оценување на остварувањата, поставување цели и изработка на персонален развоен план) | март | Да |
| 12 | РУ | Успешност / управување со ризици | мај | Да |
| 13 | РД | Ревизија на Алкалоид Софија | јуни | Да |
| 14 | КА | Проверка на посебните финансиските извештаи на Алкалоид АД за I квартал од 2022 година | април | Да |
| 15 | ОП | Процес на снабдување (услуги) | април-мај | Да |
| 16 | ОП | Корпоративна ревизија | мај | Да |
| 17 | КА | Комисија за корпоративна усогласеност | јануари - декември | Да |
| 18 | КА | Присуство на менаџмент состаноци | мај | Да |
| 19 | КА | Процес на управување и менаџирање со иновации и идеи | мај-јуни | Да |
| 20 | ОБ | Обуки (детали во самиот извештај) | јануари - декември | Да |
| 21 | КА | Проверка на посебните полугодишни финансиски извештаи на Алкалоид АД од 2022 година | јули | Да |
| 22 | РД | Ревизија на Алкалоид Сараево | јули | Да |
| 23 | ФР/ ОП | Побарувања од купувачите | јули- август | Да |
| 24 | ФР/ ОП | Обврски кон добавувачите | јули- август | Да |

| Ред. бр. | Активности | | Период во 2022 | План 2022 |
|---|---|---|---|---|
| | Вид | Област | | |
| 25 | АД | Изготвување на Полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2021 година. | јули | Да |
| 26 | РД | Ревизија на Алкалоид ДОО Београд | ноември - декември | Да |
| 27 | РД | Ревизија на Алкалоид Веледрогерија Београд | ноември - декември | Да |
| 28 | РУ | Успешност / управување со ризици | октомври | Да |
| 29 | РУ | Присуство на состанок за годишно планирање | октомври | Да |
| 30 | ОП | Процес на производство Козметика | септември - ноември | Да |
| 31 | ФР | Побарувања од купувачите (старосна анализа и конфирмации) | декември | Да |
| 32 | КА | Дефинирање на методи техника за спуштање на стратешките компаниски цели | декември | Не |
| 33 | АД | Изработка на годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година | декември | Да |

**Легенда:**
ФР – Финансиска ревизија
АД– Администрација
РД – Ревизија на друштвата
КА – Консултантски активности
ОП – Оперативна ревизија
ОБ – Обука
РУ – Ревизија на успешност

Во текот на своето работење Службата за внатрешна ревизија за сите извршени активности во 2022 година изготви и достави поединечни детални извештаи до раководителите на организационите делови, предмет на внатрешната ревизија, и Генералниот директор. Службата за внатрешна ревизија исто така изготви квартални извештаи кои беа доставени до Генералниот директор и Надзорниот одбор на Алкалоид АД Скопје и полугодишен извештај на Службата за внатрешна ревизија кој беше доставен до Управниот одбор и Надзорниот одбор на Алкалоид АД Скопје.

Овој годишен извештај на Службата за внатрешна ревизија се доставува на разгледување и одобрување до Управниот одбор и Надзорниот одбор на Алкалоид АД Скопје.

## НАОДИ/ПРЕПОРАКИ

Врз основа на извршените поединечни ревизии во текот на 2022 година Службата за внатрешната ревизија идентификуваше наоди/препораки кои се прикажани во **Збирната табела на наоди/препораки.**

| Ред. бр. | Активности | | Ревизорско мислење | Број на наоди/ препораки |
|---|---|---|---|---|
| | Вид | Област/Ревизија | | |
| 1. | | **Ревизија на друштва – Алкалоид ЕООД Софија** | Одлично | |
| | ОП | Проверка на поставеноста на интерните контроли | | 1 |
| | ФР | Проверка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи | | 7 |
| 2. | | **Ревизија на процесот на снабдување со услуги** | Одлично | |
| | ОП | Проверка на почитувањето на процедурата | | 2 |
| 3. | | **Корпоративна ревизија** | Одлично | |
| | ОП | Комуникација и соработка помеѓу службите во рамките на Алкалоид АД Скопје | | 1 |
| 4. | | **Ревизија на друштва – Алкалоид ДОО Сараево** | Одлично | |
| | КУ | Ревизија на усогласеност | | 2 |
| | ФР | Проверка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи | | 3 |
| 5. | | **Ревизија на друштва – Алкалоид ДОО Београд** | Одлично | |
| | ОП | Проверка на поставеноста на интерните контроли | | 2 |
| | ФР | Проверка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи | | 2 |
| 6. | | **Ревизија на процесот на производство Козметика** | Одлично | |
| | ОП | Тест на отстапување на потврдени часови на работници и машини во споредба со планирани на ниво на ресурс | | 4 |
| | ОП | Тест на потрошени количини на материјали на процесните наспроти потребните дефинирани во норматив | | 2 |
| | ОП | Тест на проверка на податоци на процесни налози | | 1 |

**Легенда:**
ФР – Финансиска ревизија
ОП – Оперативна ревизија
РУ – Ревизија на усогласеност
ИТ – ИТ Ревизија
КУ - Корпоративна усогласеност

Идентификуваните наоди/препораки се со **низок ранг на важност**, односно поставените системи за интерна контрола функционираат на високо ниво.
Севкупната оценка за поставеноста на системот за интерни контроли во областите кои што беа предмет на ревизија е **одлично**, освен за препораките со чија имплементација ќе се постигнат подобрувања на системот за интерни контроли.

Раководството ги прифати сите наоди/препораки и за истите достави план за нивно спроведување. Оценка на спроведените препораки од овој извештај ќе биде извршена во текот на 2023 година.

Деталните наоди/препораки се дадени во посебен преглед прилог кон овој извештај.

Статистички преглед на вкупно предложените и реализираните препораки за 2019, 2020, 2021 и 2022 година е даден во следната табела:

| | | **2019** | | **2020** | | **2021** | | **2022** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Препораки** | | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **Број** | **%** |
| Имплементирани/Реализирани | | 34 | 85% | 10 | 45% | 10 | 83% | 23 | 85% |
| Имплементација во тек | | 6 | 15% | 12 | 55% | 2 | 17% | 4 | 15% |
| Одложени | | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| Не имплементирани | | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% | 0 | 0% |
| **Вкупно предложени препораки** | | **40** | **100%** | **22** | **100%** | **12** | **100%** | **27** | **100%** |

## КОНСУЛТАНТСКИ АКТИВНОСТИ

### Проверка на финансиските извештаи

Службата за внатрешна ревизија, повремено, на барање на службите Финансии и Бизнис планирање, контрола и известување, учествуваше во разгледување на одделни позиции во годишните финансиските извештаи за 2021 година, и давање на усмени совети, со цел нивно правилно обелоденување во согласност со усвоените сметководствени стандарди во Република Македонија.

### Комисија за корпоративна усогласеност

Со одлука на Управниот одбор на Алкалоид АД Скопје, раководителот на Службата за внатрешна ревизија е назначен за член на Комисијата за корпоративна усогласеност чија задача е примена на Кодот за етичко и деловно однесување, примање на пријави за повреда на Кодот и постапување по истите.
Во текот на 2022 година раководителот на Службата за внатрешна ревизија редовно присуствуваше на организираните состаноци на Комисијата за корпоративна усогласеност и активно се вклучи во работа на самата комисија, разгледувањето на пријавите и спроведувањето на истрагите по основ на истите.

### Имплементирање на ESG сегментот/известувањето во Алкалоид АД Скопје

Во текот на 2022 година Службата за внатрешна ревизија како дел  работната група за имплементирање на ESG известувањето се вклучи во:

1. Дефинирање на ESG стратегија на компанијата (предлог компаниски ESG цели)
2. Воспоставување на ESG сегментот во организациската структура на Алкалоид АД Скопје како и внатрешна структура и состав на самиот ESG сегмент
3. Избор на соодветни и применливи стандарди за ESG известување
4. Презентирање на утврдените заклучоци (предлози) на високиот менаџмент на Алкалоид АД Скопје
5. Формирање и организација на ESG одборот
6. Изготвување на ESG политика на Алкалоид АД Скопје
7. Вовед во концептот на ESG и детално претставување на компаниските цели/стратегија на раководството на Алкалоид АД Скопје
8. GAP анализа на усогласеност со глава 6 од Кодекс за корпоративно управување на Македонска берза
9. Изготвување на Процедура за ESG известување на Алкалоид АД Скопје
10. Изготвување на СОПови за ESG мерни индикатори
11. Дефинирање на конечна Листа на постоечки и потенцијални ESG индикатори на Алкалоид АД со сите ESG индикатори за кои ќе се известува
12. Дефинирање на содржина и дизајн на ESG извештајот на Алкалоид АД Скопје
13. Изготвување на прашалници за значајност (материјалност) на ESG области

**Присуство на менаџмент состаноци**

Службата за внатрешна ревизија учествуваше во дел од редовните менаџмент состаноци (состанок за преиспитување на раководството ПЦ Фармација, ПЦ Хемија Козметика Билка, Одбор за управување со проекти-Steering Committee, квартални менаџмент состаноци и др.).

**Унапредување на системот за мерење и управување со перформансите (performance management) во компанијата (KPI)**

Согласно заклучоците од претходниот консултантски ангажман на Службата за внатрешна ревизија за дефинирање на најзначајните KPI на ниво на служба за потребите на менаџмент состаноците на мерни точки, по налог на Генералниот Директор беше пристапено кон спроведување на следните фази од овој ангажман:

1. Мерење на остварувањата/резултатите за 2021 година
2. Мерење на остварувањата/резултатите за првите 6 месеци од 2022 година
3. Техничка подготовка и организирање на годишните и полугодишните менаџмент состаноци за клучни индикатори за успех на сите сегменти на Алкалоид АД Скопје (Фармација, Хемија, Козметика, Билка, Корпоративни служби
4. Поставување на клучни индикатори за успех и соодветни таргети за истите за 2022 година

**Изготвување на извештај за анализа на процес на продажби и процес на планирање на производство во рамките на АлкаСАП системот**

По предлог на Службата за внатрешна ревизија се пристапи кон изготвување на системско решение на извештаите во АлкаСап системот.

Пред членовите на Одделот за анализи во рамките на Службата за планирање на производство и членовите на Службата за информатичка технологија и телекомуникации беше презентирано предлог концептуалното решение за автоматизирање на извештајот.

По прифаќањето на концептот и надополнување на истиот со соодветните предлози од сите инволвирани започна изготвувањето на самиот извештај во рамките на АлкаСап системот. Имплементирањето се спроведува од страна на Службата за информатичка технологија и телекомуникации при што Службата за внатрешна ревизија е вклучена во контрола (тестирање) на понудените системски решенија и предлагање на решенија за утврдените недостатоци во предложените верзии на извештајот.

**Процес на управување (менаџирање) со иновации и идеи**

Службата за внатрешна ревизија заедно со Службата за човечки ресурси пристапи кон изготвување на предлог концепт решение за подобрување (редефинирање на процесот).

## ИНФОРМАЦИИ ЗА СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

### Ресурси на службата

Службата за внатрешна ревизија во овој период е составена од три члена, раководител на службата и членови на службата. Раководителот на службата поседува лиценца (регистарски број 190) за овластен ревизор на Р. Македонија  издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Р. Македонија врз основа на член 8 став (1) точка 3 и член 23 од Законот за ревизија. Вработените во службата од мај 2012 година се полноправни членови на Здружението на внатрешни ревизори на Македонија.

### Исполнување на целите

Службата за внатрешна ревизија во текот на 2022 година ги оствари поставените цели согласно Планот за внатрешна ревизија за 2022 година.

### Користење на расположливото време

Планираното време за работа во споредба со реално потрошеното време за работа на трите члена на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година е дадено во збирната табела за расположливо време.

**Збирна табела за расположливо време** **(за три члена)**

| Активности | Расположливо време | | |
|---|---|---|---|
| | Планирани часови | Остварени часови | Отстапување |
| Вршење на ревизија | 3.612 | 3.192 | -420 |
| Известување за извршената ревизија | 324 | 324 | 0 |
| Планирање на ревизија за 2023 година | 120 | 120 | 0 |
| Консултантски услуги | 858 | 1.278 | 420 |
| Обука | 240 | 240 | 0 |
| Администрација | 414 | 414 | 0 |
| Годишен одмор | 384 | 384 | 0 |
| **Вкупно** | **5.952** | **5.952** | **0** |

*Вршење на ревизија*
Во текот на 2022 година потрошени се 420 часа (за три члена) помалку за вршење на ревизија во однос на планираните часови поради поголемиот ангажман на службата во консултантски активности и обука, како и поради одложувањето на дел од ревизорските ангажмани согласно ситуацијата со пандемијата.

*Консултантски услуги*
Кај консултантските услуги потрошени се часови соодветни на бараните услуги (потрошените часови се поголеми од планираните поради вклучување на службата во неколку големи непланирани проекти –имплементирање на ESG сегментот за известување, унапредување на системот за мерење и управување со перформансите (performance management)  и др.

**Едукација на членовите на службата**

Едукација на членовите на Службата за внатрешна ревизија е дефинирана во Планот за внатрешна ревизија за 2022 година со цел одржување и унапредување на квалитетот на работењето на членовите на службата.

Во текот на 2022 година членовите на Службата за внатрешна ревизија присуствуваа на следните обуки:

**Тема:** Истражно интервју - важна алатка за внатрешната ревизија
**Организатор:** Academia Tempora, Загреб
**Период и времетраење:** февруари 2022 година, тридневна online работилница

**Тема:** Водич за ESG практики на Македонска берза
**Организатор:** Македонска берза/консултантската куќа Stewart Redqueen од Холандија
**Период и времетраење:** февруари 2022 година, еднодневна online работилница

**Тема:** WOOD's ESG Symposium
**Организатор:** WOOD & Company
**Период и времетраење:** март 2022 година, еднодневна online панел дискусија

**Тема:** Зелен климатски фонд
**Организатор:** FAO-North-Macedonia
**Период и времетраење:** 28.02.2022 - 23.03.2022

**Тема:** Работилница за Кодексот за корпоративно управување и најдобри практики
**Организатор:** PwC's Academy во соработка со Македонска Берза АД Скопје
**Период и времетраење:** мај 2022 година, еднодневна работилница

**Тема:** Водичот за известување за ESG и практични мерила за ESG известување
**Организатор:** PwC's Academy во соработка со Македонска Берза АД Скопје
**Период и времетраење:** мај 2022 година, еднодневна работилница

**Тема:** Регионална работилница за ESG за централна и југоисточна Европа.
**Организатор:** Европската банка за обнова и развој (ЕБОР)
**Период и времетраење:** јуни 2022 година, дводневна online работилница

**Тема:** Континуирано професионално усовршување
**Организатор:** Институтот на овластени ревизори на РМ
**Период и времетраење:** јуни 2022 година, тродневна online работилница

**Тема:** Обука за лидерски вештини
**Организатор:** Др. Гилберт – Белград, Србија
**Период и времетраење:** јуни 2022 година, еднодневна работилница

**Тема:** Еднодневна работилница со фокус на МБТИ типологија на личноста
**Организатор:** Бизнис Академија Смилевски
**Период и времетраење:** јуни 2022 година, еднодневна работилница

**Тема:** Напреден MS Excel 2016
**Организатор:** Семос Едукација
**Период и времетраење:** април-мај 2022, 10 предавања

**Тема:** Континуирано професионално усовршување (Управување со кредитниот ризик)
**Организатор:** Институтот на овластени ревизори на РМ
**Период и времетраење:** октомври 2022 година, еднодневен online настан

**Тема:** Континуирано професионално усовршување (Значајни прашања и дилеми во ревизијата)
**Организатор:** Институтот на овластени ревизори на РМ и PWC ревизија
**Период и времетраење:** ноември 2022 година, еднодневен настан

**Тема:** Разрешување на конфликти и унапредување на презентациски вештини
**Организатор:** Здружение на внатрешни ревизори на С.Македонија и Институтот на овластени ревизори на РМ
**Период и времетраење:** ноември 2022 година, еднодневна работилница

**Тема:** Континуирано професионално усовршување (Супервизија на осигурувањето)
**Организатор:** Институтот на овластени ревизори на РМ
**Период и времетраење:** ноември 2022 година, еднодневен online настан

**Тема:** Меѓународна годишна конференција - Audit Climate Change
**Организатор:** Здружение на внатрешни ревизори на С.Македонија
**Период и времетраење:** декември 2022 година, еднодневна работилница

**Тема:** Континуирано професионално усовршување - Меѓународен стандард за ревизија
**Организатор:** Институтот на овластени ревизори на РМ
**Период и времетраење:** декември 2022 година, еднодневна работилница

**Тема:** Континуирано професионално усовршување - Сметководствената и ревизорската професија против корупцијата и измамите
**Организатор:** Институтот на овластени ревизори на РМ
**Период и времетраење:** декември 2022 година, еднодневна работилница

**Тема:** Имплементација на Balanced Scorecard методологија
**Организатор:** Алкалоид АД Скопје
**Период и времетраење:** декември 2022 година, еднодневна работилница

Во Скопје, 21 Февруари 2023 година,

Данило Јовановиќ

Овластен ревизор на РМ
Раководител на Службата за внатрешна ревизија
Алкалоид АД Скопје

Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД
Бр. 0203-04
02.03 2023 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 108 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а в.в. со член 415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на ден 02.03.2023 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје го одобрува Годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2022 година.

2. Годишниот извештај од ст.1 е составен дел на оваа Одлука.

3. Надзорниот одбор го доставува Годишниот извештај на службата за внатрешна ревизија за 2022 година до Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје.

4. Одлуката да се достави до Генерален директор, Раководителот на службата за внатрешна ревизија и Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Надзорен одбор
Претседател
Проф. Д-р Миодраг Мицајков

Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ 2